БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2024 година

**Декември, 2024 година**

Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2024 година е изработен врз основа на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" број 131/18).

Со Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2024 година се операционализирани мерките и активностите од првата година содржани во Стратешкиот план на Бирото 2024-2026 година кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Бирото и стратешките приоритети и цели на МОН и на Владата на РСМ. Оттаму, извештајот содржи преглед на постигнатите резултати на Бирото од спроведувањето на програмата, потпрограмите, мерките и активностите од тековното работење и на планираните но нереализираните мерки и активности со образложение на нивно неспроведување.

Во функција на зголемување на отчетноста и транспарентноста во работењето на Бирото како и известувањето на постигнатите резултати, со овој извештај се обезбедува конкретен увид на реализацијата на програмата и потпрограмите од Годишниот план за работа за 2024 година на нашата институција.

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2024 година беше изработен во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, а следствено на тоа и со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024-2028 година, „Службен весник на РСМ“, бр. 256 од 05.12.2023 година), а во согласност со Стратешкиот план на Бирото за 2024-2026 година (01-129/1 од 11.01.2024) и Сеопфатна стратегија за развој на образованието 2018-2025 година.

- Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година „подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот“.
- Приоритетните цели содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година „развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти“ и „образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот“.
- Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:
  - унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;
  - зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;
  - унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците.
- Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:
  - да се имплементираат реформите во основно образование согласно Концепција за основно образование;
  - да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;
  - да се спроведат истражувања за унапредување на образованието;
  - да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;
  - да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;
  - да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој.

Со Стратешкиот план на Бирото за 2024-2026 година, се предвиде да се имплементира 1 програма со 7 потпрограми посветени на подобрување на квалитетот на предучилишното, основното и средното образование.

За програмата и за секоја од предвидените потпрограми , кои пак инициираа мерки, проекти и активности, со Годишниот план за работа за 2024 година се дефинираа потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

1. Стандарди за предучилишно образование
2. Стандарди, наставни планови и програми за основно образование
3. Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)
4. Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование
5. Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование
6. Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците
7. Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

*2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмата и потпрограмите од Стратешкиот план:*

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | Стратешкиот приоритет на Владата:<br>• Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот.<br>Приоритетни цели на Владата:<br>- Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти;<br>- Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот. |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на Бирото за развој на образованието:** | Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:<br>• унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;<br>• зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;<br>• унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците.<br>Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:<br>- да се имплементираат реформите во основно образование согласно Концепција за основно образование;<br>- да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;<br>- да се спроведат истражувања за унапредување на образованието;<br>- да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;<br>- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар; |

| | | |
|---|---|---|
| | - да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој. | |
| **Назив на програмата:**<br><br>КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | **Цел на програмата:**<br><br>**Подобрен квалитет на знаењата на децата и учениците** | Одговорен:<br><br>• **Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми**<br>• **Сектор за истражување во образованието**<br>• **Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа**<br>• **Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците**<br>• **Сектор за издавачка дејност** |

| **Назив на потпрограмата 1:**<br><br>**Стандарди за предучилишно образование** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на квалитетот на предучилишното образование** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Реализирани обуки за воспитно-образовниот кадар за теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во предучилишно обраозвание. | **Показател за успешност:**<br>Преку проектот за подобрување на социјалните услуги, со поддршка на Светска банка во тек е спроведувањето на третиот Модул на *обуки „Инклузија и средина за учење“* за професионален развој на стручниот кадар од установите за згрижување и воспитание и образование на деца од предучилишна возраст.<br>Обучени се **858 воспитувачи** и **122 стручни работници и директори** вработени во детските градинки од Скопскиот регион, кои | Воспитувачите успешно можат да организираат и планираат активности за вклучување на сите деца. | Обуките ќе продолжат да се реализираат до мај 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стекнатите знаења ќе ги променат во пракса. | | |
| 2. Спроведено главното истражување за мерење на квалитетот и средината за рано учење и развој - примена на инструментот MELQO. | **Показател за успешност:**<br>Преку проектот за подобрување на социјалните услуги, со поддршка на Светска банка спроведен е **вториот круг** на мерење на квалитетот на постигнувањата кај децата и квалитетот на процесите во околината за учење во градинките, спроведени со примена на инструментот МЕЛКО.<br>Од страна на меѓународниот консултант Шери Ле Мот **изготвен е извештај** од спороведеното мерење. | Резултатите од истражувањето ќе се користат при изработка на новата програма за рано учење и развој. | |

**ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024**

| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
|---|---|---|---|
| 1. Изработена програма за рано учење и развој. | Изработката на програмата не е отпочната. | / | Побарана е поддршка за надворешен експерт од страна на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | УНИЦЕФ. Се чека на одобрување и избор на меѓународен експерт за наведената проблематика. |
| Ревидирана педагошка евиденција и документација за детските градинки. | Не е започнат процесот на ревидирање на педагошка евиденција и документација за детските градинки. | / | По донесување на соодветни законски решенија ќе се изготви педагошка евиденција и документација за детските градинки |

| **Назив на потпрограмата 2:**<br><br>**Стандарди, наставни планови и програми за основно образование** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на квалитетот на основното образование** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изработени нови наставни програми базирани на националните стандарди со резултати од учење по | **Показател за успешност:**<br>- Изработени **20 наставни програми за VIII (осмо) одделение** по наставните предмети: | | Наставата во VIII (осмо) одделение од учебната 2026/27 ќе се реализира според новите наставни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставните предмети за осмо и деветто одделение согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование. | Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Македонски јазик за учениците од другите заедници, Математика, Англиски јазик, Природни науки, Историја и општество, Техничко образование и информатика, Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование, Француски јазик, Германски јазик, Италијански јазик, Руски јазик, Албански јазик (Јазик на заедницата), Албански јазик (изборен предмет).<br><br>- Изработени **9 наставни програми за слободни изборни предмети** за вториот и третиот период од основното образование, (IV – VI и VII – IX одделение):<br>Финансиска писменост, Иновации и претприемништво, Заштита на животната средина, Глобално затоплување и климатски промени, Енергијата и животната средина, Живите организми и животната | На учениците им се нудат и слободни изборни предмети согласно наставните програми за наведените предмети изготвени од Бирото за развој на образованието. | програми за осмо одделение базирани на националните стандарди за постигнување на учениците и концепцијата за основно образование.<br><br>Наставните програми се изработени согласно *Водичот за слободни изборни предмети во основното образование* (бр.02-1154/1 од 13.07.2021). Овие слободни изборни предмети, учениците може да ги изберат во периодот од 4. до 6. одделение, односно во 7. одделение во учебната 2024/25 година, во учебната 2025/26 им се нудат на учениците во 7. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средина, Лековити, ароматични и зачински растенија, Хемија на животната средина, Биогеографија.<br><br>- Изработка на **20 наставни програми за IX (деветто) одделение** по наставните предмети:<br>Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Македонски јазик за учениците од другите заедници, Математика, Англиски јазик, Природни науки, Историја и општество, Техничко образование и информатика, Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование, Француски јазик, Германски јазик, Италијански јазик, Руски јазик, Албански јазик (Јазик на заедницата), Албански јазик (изборен предмет).<br><br>- Изработени **3 наставни програми** по наставниот предмет Јазик и култура на | Наставата се реализира согласно наставните програми по наставниот предмет Јазик и култура на Србите. | одделение и во 8. одделение, а од учебната 2026/27 може да ги бираат учениците од 7. до 9. одделение<br><br>Наставата во IX (деветто) одделение од учебната 2027/28 ќе се реализира според новите наставни програми за деветто одделение базирани на националните стандарди за постигнување на учениците и концепцијата за основно образование. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Србите за VII (седмо), VIII (осмо) и IX (деветто) одделение.<br><br>- Изработени **4 наставни програми** по наставниот предмет Јазик и култура на Турците за VI (шесто), VII (седмо), VIII (осмо) и IX (деветто) одделение.<br><br>- Изработени **6 наставни програми за VII (седмо) одделение** по наставните предмети:<br>Биологија, Хемија, Физика, Историја, Географија, Граѓанско образование.<br><br>- Изработени дополнувања на **5 наставни програми за VII (седмо) одделение** по наставните предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик.<br><br>- Изработен и донесен *Наставен план за основното образование за учебната 2024/2025 година;* | Наставата се реализира согласно наставните програми по наставниот предмет Јазик и култура на Турците.<br><br>Дополнувањата на наставните програми се реализираат во учебната 2024/2025 година во рамките на наставата по предметите Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик во VII (седмо) одделение.<br><br>Наставата во учебната 2024/2025 година се реализира според Наставниот план за основното образование. | Наставните програми ќе се имплементираат во наставата во VII (седмо) одделение од учебната 2025/2026 година.. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Изработени и донесени *Наставни планови од I до IX одделение за ученици со оштетен вид, оштетен слух, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), мултихендикеп и аутизам во основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето во учебната 2024/25 година.* | Наставата во учебната 2024/2025 година во основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето се реализира според Наставните планови од I до IX одделение за ученици со оштетен вид, оштетен слух, пречки во психичкиот развој (интелектуална попреченост), мултихендикеп и аутизам. | |
| 2. Реализирани обуки со воспитно-образовниот кадар од основните училишта за новите наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | **Показател за успешност:**<br>- Обучени **1877 предметни наставници** коишто реализираат настава во VI (шесто) одделение во учебната 2024/2025 година за *Планирање и реализација на наставата според наставните програми за шесто одделение*, а кои, од одредени причини, не присуствувале на минатогодишната обука.<br><br>- Обучени **11 наставници** од основни училишта за реализација на наставата по предметот Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование. | Обуки за планирање и реализација на наставата согласно наставните програми за VI (шесто) одделение - 1877 обучени предметни наставници. Обучените предметни наставници ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование и наставните програми за VI (шесто) одделение во учебната 2024/25 година.<br><br>Обучените наставници се стекнаа со сертификат за завршена обука за иновации и претприемништво со кој, согласно нормативот за наставен кадар, можат да ја реализираат наставата по предметот Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование. | |
| 3. Изработени концепции, подзаконски акти, | **Показател за успешност:** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| упатства и други документи за основното образование согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката за воведување на реформите во основното образование. | - Изработена *Експериментална програма за унапредување на воспитно-образовниот процес во основното образование за учебната 2024/2025 година.*<br><br>- Изработени *Насоки за планирање, организација и реализација на наставата во основното образование во учебната 2024/25 година.*<br><br>- Изработени *Измени и дополнувања на Коцепцијата за основно образование (бр. 08-3980/1 од 3.3.2021 година) со Наставен план за основното образование.* | Успешна организација и реализација на наставата во основното образование во учебната 2024/25 година. | Измените и дополнувањата на Коцепцијата за основно образование ќе отпочнат да се применуваат од учебната 2025/2026 година. |

| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| / | / | / | / |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на потпрограмата 3:<br><br>Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)</td><td>Цел на потпрограмата:<br><br>Унапредување на квалитетот на средното образование</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>1. Изработување нови наставни програми согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование.</td><td>Показател за успешност:<br>- Изработена наставна програма по наставниот предмет Германски јазик за I година гимназиско образование (експериментална настава со 6 часа неделен фонд на изучување на предметот Германски јазик).<br><br>- Изработени две нови испитни програми по предметите: Српски јазик и литература за полагање државна матура во гимназиско, уметничко и средно стручно образование и Италијански јазик за полагање државна матура во</td><td>Во државната матура 2024/25 ќе бидат вклучени и новите испитни програми за соодветните наставни предмети.</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | гимназиско, уметничко и средно стручно образование. | | |
| 2. Изработуавање концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за средното образование согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование. | **Показател за успешност:**<br>- Изработен е **тест по математика и тест по физика** за приемен испит во Математичко-информатичката гимназија во учебната 2024/2025 година.<br><br>- Изработени се **тестови за квалификационо тестирање по мајчин јазик и математика** за упис на учениците во гимназиско образование во учебната 2024/2025 година.<br><br>- Изработени се **тестови за квалификационо тестирање по наставниот предмет биологија и наставниот предмет хемија** за упис на учениците во здравствена струка на четиригодишното средно стручно образование во учебната 2024/2025 година.<br><br>- Изработен ***предлог нов Закон за средно образование.*** | Спроведен приемен испит во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2024/2025 година.<br><br>Спроведено квалификационо тестирање по предметите биологија и хемија за упис на учениците во здравствена струка на четиригодишното средно стручно образование во учебната 2024/2025 година во средните медицински училишта во Скопје и Струмица.<br><br>БРО учествуваше во изработувањето на новиот Закон за средно образование.<br><br>БРО учествуваше во изработувањето на новиот Закон за средно стручно образование. | Не се појави потреба од реализација на квалификационото тестирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Изработен ***предлог нов Закон за средно стручно образование.*** | | |
| ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024 | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| / | / | / | / |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Изработување национални стандарди за компетенциите што треба да ги поседуваат учениците на крајот од средното образование. | Изработен е предлог документ насловен национална рамка на клучните компетенции за учениицте во средното образование | / | / |
| 2. Реализирање обуки согласно барањата на МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование. | Се уште не е донесен Законот за средно образование и не се отпочнати реформите за да се реалиизраат планираните обуки. | / | / |

| Назив на потпрограмата 4:<br><br>Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование | | Цел на потпрограмата:<br><br>Анализа и утврдување на напредокот во воспитно-образовниот процес на теми согласно актуелните реформски процеси | Одговорен:<br><br>Сектор за истражување во образованието |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Анализирани учебници, стручна литература, и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование | **Показател за успешност:**<br>- Формирани се комисии за анализа на учебници и ракописи за учебници за шесто и седмо одделение, по барање на Педагошката служба (ПС). За **шесто одделение, анализирани се 5 учебници/ракописи за учебници** за следните предмети:<br>- Македонски јазик за заедниците<br>- Албански јазик (изборен предмет)<br>- Босански јазик<br>- Српски јазик<br>- Турски јазик | Врз основа на доставеното мислење од БРО за усогласеност на учебниците со наставата програма согласно индикаторите од методологијата за вреднување на учебник, Педагошка служба , МОН одобри учебници за наставните предмети во шесто одделние и истите се користат во наставата од страна на учениците од шесто одделение.<br><br>Поради стагнирање на процесот на имплементација на реформите во основно образование учебниците за седмо одделние не се во употреба во тековната учебна година но ќе бидат во употреба од наредната учебна година освен учебниците за природни науки за кои е направена измена во наставниот план, а со тоа ќе претрпат измена и наставните програми врз основа на што се објавува конкурс за нови учебници. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | За **седмо одделение, анализирани се 9 учебници/ракописи за учебници** за наставните предмети по:<br>- Македонски јазик<br>- Албански јазик<br>- Македонски јазик за заедниците<br>- Босански јазик<br>- Српски јазик<br>- Турски јазик<br>- Математика<br>- Природни науки<br>- Историја и општество<br>**Анализирани се сите доставени учебници/ракописи за учебници и изготвени се стручни мислења** за шесто и седмо одделение за наставните предмети македонски јазик, албански јазик, турски јазик, босански јазик, српски јазик, математика, историја и општество и природни науки.<br><br>-Формирани комисии за анализа на стручна литература: работни тетратки за македонски јазик, албански | Со цел да се унапреди наставата, анализата на стручна литература и детски списанија овозможи поголем избор на ресурси што може да се користат во училиштата.<br><br>Врз основа на изготвените мислења за ракописи за учебници за средно стручно образование, ПС и МОН донесоа одлука за одобрување на учебници за нивно користење од страна на учениците од средно образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | јазик и македонски јазик за заедниците.<br>**Анализирана е и доставената стручна литература (3)**, за што се **изготвени стручни мислења**.<br><br>-Формирани комисии за анализа на детски списанија.<br>**Анализирани се доставените детски списанија и изготвени се стручни мислења.**<br><br>-Препраќање на барањето за мислење за **56 учебници за средно стручно образование,** контролирање и одобрување на изготвените мислења од ЦСО и нивно препраќање ВО ПЦ и МОН за започнување на процесот на одобрување.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Доставено барање од Педагошка служба врз основа на Закон за учебници за основно и образование;<br>Наставни програми за шесто и седмо одделение;<br>Доставени барања за стручна литература од МОН; | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Доставени барања за детски списанија од МОН.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Пет анализирани учебници за шесто одделение;<br>Девет анализирани учебници за седмо одделение;<br>Стручни литература во смисла на детски списанија и работни тератки се анализирани за основно образование. | | |
| 2. Промовирани резултати од истражувањето за реализација на слободни изборни предмети во основното образование | **Показател за успешност:**<br>-Покренета постапка за издавање на изготвениот извештај од спроведеното истражување за Реализација на слободни изборни предмети во основно образование. Технички уредениот и дизајниран извештај од истражувањето е **промовиран** на начин што е **поставен на интернет страницата на** БРО и **сите основни училишта се известени за тоа.**<br>**Појдовна основа:**<br>Изготвен извештај од истражувањето. | Препораките од истражувањето нудат значајни насоки за унапредување на наставата во слободните изборни предмети. Тие служат како основа за развој на документи кои ќе ја уредуваат организацијата и реализацијата на слободните изборни активности, како и на самите слободни изборни предмети во основното образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Објавен Извештајот од истражувањето на веб страната на Бирото за развој на образованието, со што се обезбедува транспарентност и достапност на податоците за сите заинтересирани страни. | | |
| 3. Анализирани барања за одобрувања проекти и истражувања во основно и средно образование | **Показател за успешност:**<br>-**Анализирани и изготвени се стручни мислења** на доставените материјали за сите барања што ги упати Министерството за образование и наука.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Доставено барање од Министерство за образование и наука.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Анализа на сите предмети доставени од МОН. | Изготвените стручни мислења им служат на Министерството за образование и наука (МОН) за одобрување на проекти за спроведување во основното и средното образование. Со тоа се овозможува пилотирање или експериментирање, што придонесува за унапредување на одредени аспекти во наставата. | |
| 4. Спроведени истражувања за унапредување на значајни аспекти на основното и средното образование | **Показател за успешност:**<br>-Спроведено е **истражување на тема: „Реформи во гимназиското образование“** со цел развој на понатамошни политики за гимназиското образование. | Изготвениот извештај од истражувањето ќе се користи за градење на политики за уредување на гимназиското образование. Резултатите, заклучоците и препораките од истражувањето ќе служат како основа за развивање на Концепцијата за средно образование, а со тоа и за надградба на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -**Изготвени се следните материјали:**<br>• Прашалници за наставници и ученици за електронско истражување.<br>• Протоколи за спроведување на фокус-групи со наставници и ученици.<br>• Протоколи за советниците за успешно спроведување на електронското истражување.<br><br>-**Обработени се податоците** со вкрстување и класификација по јазик на наставата, по општини, по предмети итн.<br><br>-**Направена е анализа** на искуства од други држави.<br><br>-**Изготвен е извештај за реформите во гимназиското образование.**<br><br>**Појдовна основа:**<br>Започнат процес на реформирање на гимназиското образование од страна на Министерството за образование и наука (МОН), со | наставниот план и наставните програми за гимназиското образование во државата.<br><br>Извештајот ќе биде јавно достапен на интернет страницата на Бирото за развој на образованието (БРО) и УНИЦЕФ, што ќе овозможи транспарентност и широка достапност на резултатите од истражувањето за сите заинтересирани страни. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | изготвен нов Закон за средно образование и Концепција за средно образование.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Спроведување на истражување на актуелни аспекти во образованието со цел обезбедување на податоци за градење на соодветни образовни политики. | | |
| 5. Спроведени научно истражувачки проекти од областа на ССО | **Показател за успешност:**<br>-**Реализирани се три средби** со наставници и родители од основни училишта во четири општини: Кавадарци, Центар – Скопје и Гостивар. Целта на средбите беше презентирање на програмата за слободен изборен предмет ССО, во соработка со ХЕРА.<br><br>-**Реализирани се обуки** за наставниците од Општина Кавадарци и Општина Центар – Скопје, насочени кон јакнење на компетенциите на наставниците за реализација на програмата за ССО како | Сензибилизацијата на наставниците, раководството на училиштата и одговорните лица за образование во општините е од клучно значење за подигнување на свеста за придобивките од спроведувањето на програмата за ССО за учениците од деветто одделение во основното образование.<br><br>Обуките за наставниците имаат за цел да развијат кадровски капацитети и да создадат компетентни наставници за имплементација на програмата ССО за учениците во деветото одделение што ќе го изберат овој слободен изборен предмет. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | слободен изборен предмет во деветото одделение.<br><br>-Извршено е **ревидирање на наставната програма за ССО,** согласно резултатите од евалуацијата и насоките за организирање и реализација на слободни изборни предмети во основното образование.<br><br>**Појдовна основа:**<br>-Меморандум за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието и ХЕРА;<br>-Концепција за основно образование;<br>-Насоки за реализација на слободни изборни предмети<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>-Развивање на компетенции на наставниците за спроведување на програмата;<br>-Едукација на учениците за грижа за нивното здравје и добросостојба. | | |
| 6. Програма за заштита на потрошувачите | **Показател за успешност:**<br>Активности од Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр. 32/24) | Реализацијата на Програмата за заштита на потрошувачите е во согласност со Националната стратегија за заштита на потрошувачите. Со успешното исполнување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **-Ликовен конкурс** за децата од детските градинки и за учениците од основните и средните училишта по повод 15 март Светскиот ден на правата на потрошувачите и под мотото за 2024 година **„Справување со загадувањето од пластика“, организиран во 4 (четири) категории:**<br><br>**Тема: „МОЈОТ СВЕТ БЕЗ ПЛАСТИЧЕН СМЕТ“.** Право на учество имаа сите деца корисници на услугите на јавна установа детска градинка, на возраст од 4-6 години. Пристигнаа вкупно 93 ликовни творби од 32 детски градинки во земјава;<br><br>**Тема: „ПЛАСТИЧНОТО ШИШЕ ЗАГАДУВА АКО НЕ СЕ ПРЕРАБОТУВА“,** Право на учество имаа сите ученици во основното образование (одделенска настава) – од I (прво) до V (петто) одделение. Пристигнаа вкупно 75 ликовни | на поставените задачи, се придонесува за постигнување на стратешките цели на оваа програма. Регуларното информирање за статусот на реализација на активностите се спроведува кон Министерството за економија и Владата на Република Северна Македонија, што овозможува транспарентност и отчетност во процесот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | творби од вкупно 32 основни училишта во земјава.<br><br>**Тема: „БЕЗ ПЛАСТИЧНА КЕСА ЗНАЈ, ЌЕ БИДЕ ПОЧИСТ ТВОЈОТ КРАЈ“,** Право на учество имаат сите за ученици во основното образование (предметна настава) – од VI (шесто) до IX (деветто) одделение. Пристигнаа вкупно 148 ликовни творби од 58 основни училишта во земјава.<br><br>**Тема: „ПЛАСТИЧЕН ОТПАД - ОДРЖЛИВАТА ПОТРОШУВАЧКА“,** Право на учество имаа сите ученици во средното образование – од I (прва) до IV (четврта) година. Пристигнаа 34 ликовни творби од 16 средни училишта во земјава.<br><br>-**Работилница** за воспитувачи од детските градинки од Североисточниот плански регион на тема **„Детски играчки – здравјето и безбедноста на децата“** со цел запознавање со одредбите за заштита на правата на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | потрошувачите, како и за општата безбедност на производите. Работилницата се одржа во ЈУОД Детска градинка „Ангел Шајче“ – објект „Пчелка“ во Куманово и на неа зедоа учество вкупно **42 лица од четири градинки** во Североисточниот плански регион, од кои **38 воспитувачи и 4 директорки** на детските градинки.<br><br>**<u>Работилница</u>** за наставници и ученици од средните училишта во Битола, Ресен и Демир Хисар на тема **„Запознавање со одредбите од Законот за заштита на правата на потрошувачите“**. Работилницата се одржа во СОУ „Таки Даскало“ во Битола и на неа зедоа учество 16 наставници и 16 ученици.<br><br>**Појдовна основа:**<br>-Програмата за заштита на потрошувачите за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр. 32/24);<br>-Национални стандарди за постигања на учениците на крај на основното образование. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Реализација на планираните активностите од Програмата за заштита на потрошувачите; Национална стратегија за заштита на потрошувачите. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Анализа на предучилишно-то образование со акцент на Физичкото образование во функција на предучилишниот развој на децата | **Показател за успешност:** Анализа на законски и подзаконски прописи за предучилишното воспитание и образование, анализа на состојбата со предучилишното образование и воспитание во други држави, анкетирање на воспитувачи од јавните детски градинки со соодветно изготвен прашалник, обработка на добиените податоци и изготвување на ивештај со препораки и заклучоци значајни за равојот на предучилишното образование. | Усогалсеност со Програмата на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) во врска со приоритет: Предучилишното воспитание и образование да стане дел од образовниот систем. Со тоа се обезбедуваат податоци за градење политики за успешен трансфер на напредучилишното воспитание и образование како потсистем на системот за образование, а се обезбедување поврзаност и континуитетсо основното образование, оособено во делот на Физичкиот развој на децата како значен домен од целокупниот развој на детето. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Појдовна основа:**<br>Програма на Владата на Република Северна Македоснија, во вска со трансфер на предучилишното воспитание и образование како посистем на системот за образование.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Спроведување на истражување на актуелни аспекти во образованието за обезбедување податоци за градење на соодветни образовни политики. | | |
| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1. Ревидирана Концепција за воннаставни активности во основното образование | Немање доволно средства за реализација на активноста | / | Да се најдат ресурси во соработка со граѓански и меѓународни организации. |

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на потпрограмата 5:<br><br>Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование</td><td>Цел на потпрограмата:<br><br>Подобрување на компетенциите на воспитно – образовниот кадар</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа</td></tr>
<tr><td colspan="4" align="center">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>1. Изработена Методологија и инструменти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници</td><td>Показател за успешност: Изработен е <u>инструмент за стручни увиди</u>, кој вклучува::<br><br>• Насоки за општ увид во основно училиште<br>• Инструмент/извештај за општ увид во училиште<br>• Насоки за стручен увид на наставен час во основно училиште<br>• Инструмент за следење на часот<br>• Извештај од стручниот увид на часот<br><br>Појдовна основа:<br>Со цел да се задоволат потребите што произлегуваат</td><td>Во согласност со потребите идентификувани во Концепцијата за основно образование, изработен е инструмент за следење и вреднување на работата на наставниците во основното образование. Целта на овој инструмент е да обезбеди системско следење и оценување на работата на наставниците, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на образованието. Овој инструмент беше успешно имплементиран од страна на советниците за време на стручните увиди во основните училишта во учебната 2023/24 година. Неговата примена ќе овозможи системска анализа на напредокот на наставниците и ќе придонесе за континуирано унапредување на квалитетот на образованието.</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | од Концепцијата за основно образование, изработен е инструмент за следење и вреднување на работата на наставниците во основното образование.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Изработени насоки и инструменти кои ќе бидат имплементирани од страна на советниците во текот на стручните увиди во основните училишта. | | |
| 2. Изработен Годишен план за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | **Показател за успешност:** Изработен е **план за следење и вреднување на работата на наставниците**, кој вклучува ангажирање на сите советници од БРО, организирани во тимови од по два советника. Планот ги опфати сите основни училишта во кои се изведува настава на македонски, албански и турски наставен јазик на целата територија на државата. Спроведувањето на планираните активности се реализираше во месец март и април во учебната 2023/24 година, при што се успешно | Изготвениот план за реализација на стручни увиди е успешно имплементиран од страна на советниците, што резултира со значителен напредок во постигнување на поставените цели на програмата. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | посетени приближно 96% од основните училишта.<br><br>**Појдовна основа**:<br>Законот на Бирото за развој на образованието<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Изработен и успешно имплементиран план за стручни увиди, реализиран од страна на советниците | | |
| 3. Посети за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | **Показател за успешност:**<br>Во учебната 2023/24, спроведен е **увид на 323 основни училишта** во сите општини, покривајќи настава од I до VI одделение. Во рамките на увидите, пет тројазични училишта беа посетени на три различни наставни јазици: македонски, албански и турски. Исто така, посетени се и шест двојазични училишта, во кои се реализирала настава на македонски и албански јазик, четири двојазични училишта со настава на македонски и турски, како и две двојазични училишта со настава на албански и турски. | Увид во планирањето и реализацијата на наставните програми според Концепцијата за основно образование од I до VI одделение покажува системска имплементација на наставните активности. Наставниците добија конструктивна повратна информација (Извештај од стручен увид на часот). Извештајот им овозможи на наставниците да имаат увид во својата работа и ниво на успешност согласно осумте подрачја опфатени во инструментот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Посетата вклучуваше *општ увид* во основно училиште и *посета на три наставни часа* во секое училиште, од кои: еден час за одделенска настава, еден час за предметна настава и еден час за слободен изборен предмет од IV, V или VI одделение. Вкупно, беа **<u>посетени 1024 наставници</u>** и исто толку наставни часа по сите предмети согласно наставниот план и за истите беа **изготвени <u>Извештаи за стручниот увид на часот</u>** кои беа доставени до директорот и индивидуално до секој наставник.<br><br>Дополнително, извршени се **<u>321 општи увиди во училишта</u>**, за кои е изготвен **<u>Извештај за општ увид во училиштето</u>**. Овие извештаи се доставени до училиштата.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Законот на Бирото за развој на образованието<br>Базирана е на Концепцијата за основно образование од I до VI одделение, со цел увид на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставниците во планирањето и реализацијата на наставните програми.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво :** Реализација на сите планирани посети за следење и вреднување на работата на наставниците во основното образование. | | |
| 4. Изработена анализа од стручни посети | **Показател за успешност:** Констатација на актуелната состојба во основните училишта и констатација на идентификувањето на јаките/слабите страни на наставниците. Изготвените **<u>извештаи</u>** се доставени до секое училиште и индивидуално до секој наставник.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Годишниот план за работа на БРО за 2024 година<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** Редовна изработка на извештаи по спроведените советодавни стручни увиди во основните училишта. | Од констатацијата на фактичката состојба во основните училишта и согледување на јаките/слабите страни на наставниците, се изработени извештаи. Овие извештаи претставуваат важен документ кој ќе биде приложен во професионалното досие на секој наставник и се зема предвид при вреднувањето на наставниците во интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Реализирани обуки со наставници и стручни соработници од основните училишта на тема/и по направен избор од Каталогот на акредитирани програми за обука на наставници, односно стручни соработници во основните училишта | **Показател за успешност:**<br>**Спроведени се акредитираните обуки** за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта (во периодот од јуни до август 2024 година), согласно направениот избор од страна на учесниците на теми за обука од Каталогот на акредитирани програми за обука.<br><br>Во текот на третиот циклус, беа **обучени вкупно 15.985 наставници и 874 стручни соработници.** Од аспект на родовата структура, бројот на обучени е 4014 наставници и 11971 наставнички. Кај стручните соработници обучени се 82 мажи и 792 жени. Обуките се одвиваа на македонски, албански и турски јазик во времетраење од 8 часа, организирани во еден или два дена.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Закон за Бирото за развој на образованието; | Целта на програмата е зајакнување на компетенциите на наставниците и стручните соработници во основните училишта, согласно нивниот личен план за професионален развој. Ова вклучува остварување на законски пропишаните часови за обука од акредитирани понудувачи на обуки и услуги, наменети за воспитно-образовниот кадар.<br><br>Во рамките на трите циклуси на обуки, наставниците и стручните соработници од основните училишта имаат вкупно 24 часа обуки од акредитирани понудувачи во последните три години.<br><br>Средствата за реализација на овие обуки се обезбедени преку Светска Банка – Проект за унапредување на основното образование.<br><br>По завршувањето на обуките, учесниците добиваат сертификат кој служи како доказ за успешно следење на обуката. Овој сертификат може да се приложи во професионалното досие на наставниците и стручните соработници и да се користи како важен аргумент во нивниот кариерен развој. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Закон за наставниците и стручните соработнници во основните и средните училишта.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Акредитирана обука за сите наставници во основното образование;<br>Акредитирана обука за сите стручни соработници во основно образование;<br>18 различни теми за обука за наставници;<br>4 различни теми за обука за стручни соработници. | | |
| 6. Акредитирани програми за обука и акредитирани понудувачи на услуги за обука на наставници/ стручни соработници во средните училишта и реализација на обуки со наставници/стручни соработници од средните училишта | **Показател за успешност:**<br>**Акредитирана е програма за обука** и понудувач на услуги за професионално усовршување на наставниците во средните училишта (во мај 2024 година), на темата: **„Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата** *(при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и слично)“*, по претходно спроведена постапка за акредитација. | Обучените наставници ќе можат да применуваат нови дигитални вештини и да ја интегрираат технологијата во својата настава, што ќе придонесе за подобрување на методите на подучување и за зголемување на учењето на учениците. Истото ќе создаде поинтерактивни и ангажирачки училишни средини за учениците.<br><br>Во 2024 година расположивите средстав во буџетот на Бирото на ставката за професионален развој се наменија за наставниците во средните училишта, со оглед на тоа што во основното образование се обезбедени средства од проектот за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Спроведена е обуката од горенаведената тема (во јуни 2024 година), за наставниците што реализираат настава по стручни предмети во средните училишта. Вкупен број на **обучени наставници** е **2.001.**<br>Од учесниците на обуката, **38%** биле мажи, а **62%** жени.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Закон за Бирото за развој на образованието;<br>Закон за наставниците и стручните соработнници во основните и средните училишта.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Обука за наставниците во средно образование согласно средствата во Буџетот на Бирото. | подобрување на основното образование на Светска Банка. | |
| 7. Мониторинг на услугите на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови | **Показател за успешност:**<br>-Реализирано е **следење и вреднување на спроведувањето на обуките** (од страна на тимови на советници), со цел да се утврди квалитетот на обуката и степенот на исполнување на поставените услови. | Со цел да се осигури високо ниво на квалитет во реализацијата на обуките, Бирото за развој на образованието формираше тимови за следење и евалуација на квалитетот на обуките, обучувачите и целокупната организација на обуките, реализирани од страна на акредитирани понудувачи на услуги. Овој систем за мониторирање е во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Во основните училишта следењето на реализацијата се одвиваше кај **67 групи наставници.**<br><br>Во средните училишта следењето на реализацијата се одвиваше кај **10 групи наставници.**<br><br>-Изготвени се **два резимирани извештаи**:<br>Резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките за основното образование и<br>Резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките за средното образование.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во основните и средните училишта во<br>Република Северна Македонија | согласност со Правилникот, кој предвидува следење на 10% од вкупниот број обуки.<br><br>Тимовите за следење и евалуација спроведуваат набљудување на обуките, по што пополнуваат формулар за следење и вреднување на реализацијата на обуката. Формуларот се состои од три подрачја за вреднување, од кои по пат на аритметичка средина се изведува **оценка за квалитетот на обуката**.<br><br>Врз основа на следењето од тимовите изготвен е резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките во основното/средното образование.<br>Овие извештаи ќе послужат како основа за планирање на идните активности и подобрување на квалитетот на обуките. Подобрувањата предложени во извештаите би можеле да доведат до зголемена ефективност на професионалниот развој на наставниците и осигурување на висок квалитет на образованието. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>Во согласност со Правилникот предвидено е следење на 10% од вкупниот број обуки. | | |
| 8. Анализа на потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар | **Показател за успешност:**<br>-изработен е **прашалник** (во рамките на проектот поддржан од ИПА), на македонски, албански и турски јазик, со цел да се добијат информации кои ќе ги идентификуваат клучните области за стручно усовршување на наставниците во средните училишта. Од вкупно 109 средни училишта на прашалникот одговориле 27 училишта.<br>- изработена **е анализа** на потребите за обука на наставниците во средните училишта која овозможи определување на теми за обука кои се реализираа преку проектот на ИПА.<br><br>**Појдовна основа:**<br>Закон за Бирото за развој на образованието.<br><br>**Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** | Информациите добиени од анализата на потребите ќе овозможат насочување на ресурсите за обука и подобрување на квалитетот на наставата.<br>Анализата на потребите ќе послужи како основа за подготовка на предлог-годишната програма за стручно усовршување на наставниците во средните училишта. Ова ќе овозможи фокусирање на актулени теми и специфични области каде наставниците имаат потреба од дополнителни вештини и знаења. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Идентификација на нови потреби. | | |

**ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| 1. Стручни увиди во средните училишта со франкофонски двојазични паралелки | • Спроведени стручни увиди, при што се реализирани 10 часови посета на наставници.<br>• Изготвени и доставени извештаи за спроведените увиди до соодветните училишта. | Увидот во работењето на франкофонските паралелки има за цел да придонесе за подобрување на квалитетот на образованието во франкофонските двојазични паралелки и да помогне во идентификување на области за подобрување. | |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| 1. Акредитирани програми за обука и акредитирани понудувачи на услуги за обука на наставници/стручни соработници во основните училишта | Во 2024 година не се дополнуваше Каталогот на акредитирани програми за обука со нови програми, ниту имаше барање од МОН за реализација на приоритетни програми за обука. | Решението со кое се врши акредитација на програмата за обука, односно на понудувачот на услуги на воспитно-образовниот кадар, кое го донесува Бирото е со важност три години. Акредитираните програми во Каталогот се со важност на акредитација до 1.09.2025 година.<br><br>Каталогот на акредитирани програми за обука содржи 18 акредитирани програми за обука кои се од различни подрачја на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | компетенции на наставниците, односно на различни теми за обука и може да се најде на следниот линк https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Akreditirani-obuki-MK.pdf<br>Каталогот на акредитирани програми за обука на стручните соработници содржи 4 акредитирани програми за обука од различни подрачја на компетенции на стручните соработници и може да се најде на следниот линк: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/Каталог-за-стручни-соработници-македонски.pdf | |
| 2. Акредитирани програми за обука и понудувачи на услуги за приоритетни програми определени од Министерот за наставници и стручни соработници од основното образование.<br>Приоритетните обуки произлегуваат од Приоритетите на Владата на Република Северна Македонија и се во корелација со реформи кои се спроведуваат во основното, како и | Во 2024 година, до Бирото за развој на образованието не е доставено барање за реализација на приоритетни програми за обука на наставници и стручни соработници од страна на МОН. | Согласно Законот за наставници и стручни соработници, секој наставник во рок од три години поминува 20 часови обука за приоритетни програми определени од министерот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| меѓународни релевантни истражувања и извештаи. | | | |
| 3. Активности за кариерен развој на наставници/стручни соработници. Следење и вреднување на работата на наставниците/стручните соработници кандидати за напредување во звање преку увид во исполнетоста на професионалните стандарди во делот на професионалната пракса | Во 2024 година, Министерството за образование и наука не објави оглас за напредување во звање за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.<br>Доколку не се објави оглас за напредување во звање, односно Бирото за развој на образованието не добие листа на кандидати кои треба да ги следи и вреднува, активноста за напредување во звање не може да се реализира. | Стагнација во кариерниот развој: Наставниците и стручните соработници остануваат во иста положба без можност за напредување.<br>Намалување на мотивацијата: Недостатокот на можности за напредување може да доведе до опаѓање на мотивацијата кај наставниците и стручните соработници. | Да се преземат соодветни мерки за објавување на огласи и спроведување на активности за напредување во звање |

| **Назив на потпрограмата 6:**<br><br>**Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Предложени конкретни мерки за подобрување на | **Показател за успешност:** | Подобра подготвеност на учениците за ПИСА 2025 тестирањето, зајакнати | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| резултатите од ПИСА 2022 екстерно проверување | Изработен извештај со конкретни мерки за подобрување на резултатите од ПИСА 2022 односно предложени активности кои се насочени кон поттикнување на критичкото и креативното размислување на учениците, со цел планирање и реализирање на наставните процеси на начин од кои учениците би стекнале знаења кои ќе ги применуваат во реалниот живот. Испланирани семинари со наставниците кои предаваат во прва година мајчин јазик, природни науки, математика и информатика. | вештини за критичко размислување и решавање проблеми и подобрување на методолошкиот пристап на наставниците. | |
| 2. Реализирани обуки за наставници од средно образование во функција на подобрување на резултатите за наставните предмети математика и природни науки за ПИСА 2025 екстерно проверување | **Показател за успешност:**<br>Во периодот од 18.11. -13.12.2024 година се реализираа семинари за подобрување на резултатите ПИСА 2025 тестирањето. Семинарите беа наменети за наставниците по мајчин јазик, математика, природни науки во прва година средно образование и наставниците по информатика кои реализираат настава во прва и втора година на средното образование. На семинарите вкупно присутни беа 840 наставника, на македонски и на албански наставен јазик. | Подобра подготвеност на учениците за ПИСА 2025 тестирањето, зајакнати вештини за критичко размислување и решавање проблеми и подобрување на методолошкиот пристап на наставниците. | |
| 3. Реализирани обуки за наставници од основно образование во функција | **Показател за успешност:**<br>Одржани советодавни состаноци во сите 150 училишта предвидени за ТИМСС тестирањето од страна на | Подобра подготвеност за лонгитудиналното ТИМСС тестирањ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на подобрување на резултатите за наставните предмети математика и природни науки за ТИМСС | советниците и раководителите на Бирото. Состаноците беа одржани при реализирањето на стручните увиди во сите основни училишта во периодот (март-април). | | |
| 4. Предложени конкретни мерки за подобрување на резултатите од постигањата на учениците ТИМС 2023 | **Показател за успешност:** Во тек е изработка, имајќи предвид дека резултатите беа објавени на 4.12.2024 година. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Организациска и логистичка поддршка на државната матура (мај, јуни 2024 год.) | Ангажирани беа 116 вработени од страна на Бирото во процесот на Државната матура во улога на набљудувачи, дистрибутери на испитниот материал како и администратори. | Успешна реализација на државна матура. | |
| 2. Поддршка на администрирање на ТИМСС тестирање (мај-јуни 2024 год.) | Дадена е административна поддршка од страна на Бирото во 19 основни училишта при реализација на ТИМСС тестирањето. Тестирањето е реализирано во периодот мај-јуни во 150 училишта во петто одделение. | Успешна реализација на ТИМСС тестирањето | |
| 3. Поддршка во администрирање на | Ангажирани беа 7 вработени од Бирото во администрирањето на државното тестирање). | Успешна реализација на Државното тестирање. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Државно тестирање (февруари-март 2024 год.) | | | |
| 4. Верификација на наставни програми и планови во ЕМИС | Функционален ЕМИС, ажурирани и верифицирани наставни програми и планови за основно, гимназиско и уметничко образование како и за ученици со посебни потреби. Внесени и верифицирани нови програми основно образование. Верифицирани сите наставни планови за основно, гимназиско и уметничко образование како и за ученици со посебни потреби. http://emis.mon.gov.mk/home.seam | Релијабилна електронска евиденција на образовните процеси во учебната 2024/2025 година. | |
| 5. Одобрување на годишни програми за екскурзии на основни и средни училишта | Разгледани се и одобрени околу 150 годишни програми за екскурзии. | Подобрување на реализација на содржините за екскурзии. | |
| 6. Организациска и логистичка поддршка на државната матура (август 2024 година) | Ангажирани 29 вработени од страна на Бирото во процесот на Државната матура во улога на набљудувачи, дистрибутери на испитниот материал како и администратори. | Успешна реализација на државна матура. | |
| 7. Поддршка во администрирање на Државно тестирање (ноември-декември 2024 год.) | Ангажирани 8 вработени од Бирото во администрирањето на државното тестирање). | Успешна реализација на Државното тестирање. | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| Назив на потпрограмата 7:<br><br>**Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви** | | Цел на потпрограмата:<br><br>**Испечатена и дистрибуирана педагошка документација и евиденција за основно и средно образование и поставени онлајн курсеви и национална платформа за дигитални игри** | Одговорен:<br><br>Сектор за издавачка дејност |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. Изработени обрасци за педагошка документација и евиденција за основните и средните училишта на македонски јазик со превод на албански, турски, српски и босански јазик. | - Изработени Образец бр. 1 и Образец бр. 11 на македонски јазик за основните училишта<br>- Преведени Образец бр. 1 и Образец бр. 11 на албански, турски, српски и босански јазик за основните училишта | Објавени во Службен весник бр. 190 од 13.9.2024 година | |
| 2. Испечатени и дистрибуирани обрасци на педагошката евиденција и | Дистрибуирани обрасци на педагошката евиденција и документација за основните и средните училишта на македонски, албански, | Испратници | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| документација за основните и средните училишта на македонски, албански, турски, српски и босански јазик | турски, српски и босански јазик | | |
| 3. Прибрани, ажурирани ревидирани и обработени по наставен јазик општи податоци и податоци за бројот на паралелките и бројот на учениците во основните и средните училишта за учебната 2024/2025 година | Изработени табели за општи податоци и податоци за бројот на паралелките и бројот на учениците во основните и средните училишта за учебната 2024/2025 година | Доставени табели за општи податоци за основните и средните училишта за учебната 2024/2025 година до раководителите во БРО | |
| 4. Изработен Предлог-издавачки план за 2025 година | Предлог-издавачки план за 2025 година | Преку архивата на БРО, доставен до директорот Предлог-издавачки план за 2025 година | |
| 5. Обука на советници од БРО за развивање на дигитални содржини | / | / | |
| 6. Поставување, одржување и збогатување на националната веб-платформа за дигитални содржини и материјали за воспитувачи, | / | / | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставници во одделенска настава и за родители | | | |
| 7. Испечатена и издадена стручна литература (прирачници, упатства, публикации, извештаи од истражувања, извештаи од анализи и сл.) и научно стручно списание | - Електронски прирачници - 2 | - ЦИП записи | |
| 8. Изработени материјали за учење, прирачници за наставници и други дидактички материјали | - Електронски материјали за учење - 32<br>- Електронски прирачници - 35<br>- Печатени материјали за учење - 20 | - ЦИП записи<br>- Доставени задолжителни примероци до НУБ | |
| 9. Зголемен фонд на стручна литература во библиотека на БРО | Библиотеката во 2024 година е збогатена со следните изданија:<br>- Книги донирани од НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга, вкупно 64;<br>- Материјали за учење, вкупно 48. | / | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2024** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |

| | **планираниот резултат на годишно ниво** | | |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| *1.2 Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Бирото за развој на образованието* ***Заеднички функции*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорен** | **Спроведено** | **Неспроведено** | **Коментар** |
| 1. Стратешки план на Бирото за 2024-2026 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Стратешкиот план на Бирото за периодот 2024-2026 е објавен на веб сајтот од Бирото: www.bro.gov.mk |
| 2. Годишен план за работа на Бирото за 2024 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Годишниот план за работа на Бирото за 2024 година е објавен на веб сајтот од Бирото: www.bro.gov.mk |
| 3. Нацрт Стратешки план за 2025-2027 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Нацрт-стратешкиот план на Бирото за периодот 2025- 2027 е изработен и доставен до МФ и до ГС на ВРСМ. |
| 4. Извештај за спроведување на ГПР на Бирото за 2023 година | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Извештајот за спроведување на ГПР на Бирото за 2023 година е објавен на веб сајтот од Бирото: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | www.bro.gov.mk |
| **5.** Акт за систематизација на работните места (консолидиран текст) усогласен со одредбените од Законот за вработените во јавниот сектор | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изработен е Предлог-Функционална анализа, Предлог-Акт за внатрешна организација, и Предлог-Акт за систематизација на работни места. |
| **6.** Годишен план за вработување за 2025 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Годишен план за вработување за 2025 за кој е добиена согласност од МФ со кој се предвидени 4 вработувања и 7 унапредувања. Во ноември 2024 МЈА изготви нова методологија за Годишен план за вработување, па Годишниот план е повторно изработен според новата методологија и пратен во МФ на одобрување. |
| **7.** Полугодишен извештај (јули-декември 2023) за реализација на годишниот план за вработување за 2023 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Полугодишен извештај (јули-декември 2023) за реализација на годишниот план за вработување за 2023 година и истиот е доставен до МИОА. Реализирани се 11 унапредувања и 1 вработување согласно Планот за вработување за 2023 година. Унапредувања (9 жени и 2 мажи) вработувања (1 жена). |
| **8.** Полугодишен извештај (јануари-јуни 2024) за реализација на | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Полугодишен извештај (јануари-јуни 2024) за реализација на годишниот план за вработување за 2024 година и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| годишниот план за вработување за 2024 година | | | | пратен до МИОА. Не се реализирани унапредувања и вработувања со Планот за 2024 година во првото полугодие. |
| 9. Годишниот план за обуки за административните службеници на Бирото за 2025 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Годишниот план за обуки за административните службеници на Бирото за 2025 година и пратен до МЈА. |
| 10. Извештај за реализација на годишен план за обуки за административните службеници на Бирото за 2024 година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвен е Извештај за реализација на годишен план за обуки за административните службеници и пратен до МЈА. |
| 11. Извештај со ранг-листа на годишни оценки за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изготвена е ранг листа на годишни оцени на административните службеници и пратена до МЈА. |
| 12. Извештај за работата на Бирото, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост) | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Годишниот извештајот на БРО за напредокот на состојбата на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година е изработен и истиот е објавен на веб страницата на Бирото: www.bro.gov.mk |
| 13. Годишен извештај за изречените мерки за утврдени дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници на Бирото за претходната година | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | За 2024 година немаше изречени дисциплински мерки на вработени од БРО. |
| 14. Внатрешна распределба на вкупно одобрен буџет за 2024 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвено е Решение за поделба на вкупно одобрен буџет за 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | година, истото е доставено до МФ и дадено на лицата овластени за преземање финансиски обврски. |
| 15. Решенија за генерални овластувања | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвени се решенија и доставени до МФ и до лицата овластени за преземање на финансиски обврски. |
| 16. Годишен, квартален и месечен финанскиски план за 2024 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и спроведен. |
| 17. Годишен финансиски извештај за 2023 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и доставен до МФ. |
| 18. Завршна сметка за буџетската сметка, сметка за самофинансирачки активности и сметка за донации за 2023 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвена и доставена до институциите: МФ, ДЗР, ЦР и управа за приходи. |
| 19. Контрола на доспеани финансиски обврски за плаќање, изготвување листа за проверка и плаќање | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно пишаните процедури. |
| 20. Извештаи за ненамирени обрски | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Доставувени до МФ до 10-ти во месецот |
| 21. Извештаи за пријавување на обврски, долгови и побарување | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Пријавување на обврски во МФ после склучување на договори за преземени финансиски обврски. |
| 22. Ребаланс на буџетот за тековната година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно препораките и барањата од МФ. |
| 23. Предлог буџет за 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвен и доставен до МФ. |
| 24. Предлог буџетска пресметка согласно Нацрт стратешки план | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвена и доставена до МФ. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. Изготвување на пресметка на плати за вработените и исплата на истите | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Направени месечни пресметки за плати на вработените. |
| 26. Измени и дополнување на Законот за Бирото на образованието | Сектор за логистика | ✓ | | Законот за измена на Законот за Бирото е во процедура. |
| 27. Анализа на капацитетите и начинот на функционирање на Бирото за развој на образованието | Сектор за логистика | ✓ | | Спроведена е јавна набавка за изработка на Анализа на капацитетите и начинот на функционирање на Бирото за развој на образованието. Истиот е изработен и доставен до БРО. |
| 28. Функционална анализа на Бирото за развој на образованието | Сектор за логистика | ✓ | | Спроведена е јавна набавка за изработка на Предлог-Функционална анализа на Бирото за развој на образованието. Истиот е доставен на разгледување и усвојување од страна на БРО. |
| 29. Правилник за внатрешна организација | Сектор за логистика | ✓ | | Спроведена е јавна набавка за изработка на нов Предлог-Правилник за внатрешна организација. Истиот е доставен на разгледување и усвојување од страна на БРО. |
| 30. Акт за ситематизација на работните места | Сектор за логистика | ✓ | | Спроведена е јавна набавка за изработка на нов Предлог-Правилник за ситематизација на работните места. Истиот е доставен на разгледување и усвојување од страна на БРО. |
| 31. Јавен оглас за спроведување постапка за акредитирани и избор | Сектор за логистика | ✓ | | Постапката е спроведена и завршена. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно - образовниот и раководниот кадар | | | | |
| 32. Јавен оглас за обезбедување услуги поврзани со истражување | Сектор за логистика | ✓ | | Постапката е спроведена и завршена. |
| 33. Јавен конкурс за ангажирање на надворешни соработници | Сектор за логистика | ✓ | | Согласно потребите на секторите во Бирото беше спроведена постапка со јавен оглас за ангажирање на стручни лица за потребите на Бирото. |
| 34. План за јавни набавки | Сектор за логистика | ✓ | | Планот беше навремено доставен и беа спроведени ЈН согласно планот и законот. |
| 35. Законски и подзаконски акти | Сектор за логистика | ✓ | | Немаше донесено односно изработено некои значителни подзаконски акти. Потребните се веќе донесени претходно. |
| 36. Стратешки план за внатрешна ревизија за 2024-2026 година | Одделение за внатрешна ревизија | ✓ | | Стратешкиот план за внатрешна ревизија на Бирото за периодот 2024-2026 е објавен на веб сајтот од Бирото: www.bro.gov.mk |
| 37. Годишен план за внатрешна ревизија за 2024 година | Одделение за внатрешна ревизија | ✓ | | Годишниот план за внатрешна ревизија на Бирото за 2024 година е објавен на веб сајтот од Бирото: www.bro.gov.mk |

# 3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Образованието има клучна улога во развојот на општеството и е силно влијателно во формирањето на идните генерации. Како што се случуваат брзи промени во технологијата и пазарот на трудот, потребата за адаптација на образовниот систем станува сè поважна.

Во овој контекст, Бирото за развој на образованието, е еден од клучните институции во промените на наставата и учењето и во обезбедувањето поддршка на сите чинители во образовниот систем. Бирото преку своите активности, има клучна улога во обезбедувањето на квалитетно, инклузивно и адаптабилно образование, следејќи ги потребите на општеството и пазарот на трудот.

За успешно реализирање на активностите предвидени со Годишниот план за работа на Бирото за 2024 година, ангажиран е значителен број на надворешни соработници од редовите на универзитетите, средните и основните училишта, како и градинките. Освен тоа, реализирани се и бројни вонпрограмски активности коишто не беа првично предвидени во годишниот план. Соработката со меѓународни организации и институции, како и со владини и невладини организации, има важна улога во поддршката на образовните реформи и унапредувањето на воспитно-образовната работа во земјата.

Сите овие промени носат со себе и одредени ризици. За да одговориме на динамичните промени во образовниот систем, мораме да бидеме подготвени да реагираме навремено и со употреба на најефикасни механизми, постојано имајќи на ум квалитетот на образованието. Правилното управување со околностите и ризиците е од суштинска важност за развојот на образовниот сектор. Системското реагирање на промените и предизвиците, со фокус на квалитетот на образованието, ќе создаде основа за успешен развој на идните генерации.

# 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во рамките на активностите на Бирото за развој на образованието во 2024 година, овој извештај служи како јасен преглед на достигнувањата, истакнувајќи максимална посветеност на спроведувањето на приоритетите на образовната политика во нашата држава. Извештајот ги отсликува активностите и резултатите постигнати во текот на годината и покажува адаптабилност во одговор на потребите на образовниот систем.

Активностите планирани и реализирани од Бирото се насочени кон понудување краткорочни и долгорочни решенија во различни области на образованието. Овие активности произлегуваат од мерките и стратегиите утврдени во Стратегијата за развој на образованието 2018-2025, Концепцијата за основно образование (2021), Програмата за работа на Владата на РСМ за 2024-2028 година, Приоритетите на владината образовна политика и потребите на образовната реалност во државата.

Според реализираните активности, мерењето на постигнатото укажува на тоа дека мерките и активностите дефинирани во Стратешкиот план за периодот 2024-2026 и Годишниот план за работа за 2024 година во голема мера се реализирани според планираната динамика и зададените рокови. Ова е резултат на континуираната соработка и тимската работа помеѓу советниците и стручните соработници од сите сектори.

Покрај предвидените активности, Бирото активно спроведуваше дополнителни активности, соработувајќи и разменувајќи искуства со разни организации, институции, асоцијации и фондации во Република Северна Македонија, како и со меѓународни организации. Оваа проактивна ангажираност е клучна за иновации и подобрување на праксата во образованието.

Во услови на тековните реформи во основното образование, Бирото покажа способност да одговори на предизвиците, демонстрирајќи својата посветеност во понудата на решенија за справување со проблемите во училиштата. Оваа работа дополнително укажува на важноста на давање насоки за непречено одвивање на наставата и учењето, што е од клучно значење за квалитетот на образованието.

За да се постигне поголем напредок, предложени се следните препораки:

Продолжување на соработката: Да се продолжи и зацврсти соработката со образовни и истражувачки институции, како и со меѓународни организации, за размена на добри практики и иновации во образованието.

Инвестирање во обука на наставници: Потребно е да се одржат редовни обуки за наставниците, за да се осигура дека ги усвојуваат новите методи и технологии во наставата.

Оценување и прилагодување на стратегии: Редовно следење на напредокот и ефикасноста на мерките и активностите, со можност за прилагодување на стратегиите во согласност со актуелните потреби на образовниот систем.

Со спроведувањето на овие препораки, Бирото за развој на образованието може да продолжи да обезбедува значајни придонеси кон развојот на образовната сцена во нашата земја.

**Бр.01-1521/2**
**26.12.2024 година**
**Скопје**

**В.Д. Директор**

_______________________

**Абдулфета Фетаи**